# ЗАПИСНИК
## *од првата седница на*
## *Одборот за акредитација на високото образование*

На 5 април 2008 година во просториите на Владата на Република Македонија со почеток во 17.30 часот се одржа првата седница на Одборот за акредитација на високото образование која ја свика претседателот на Одборот за акредитација на високото образование со покана од 05.04.2008 година.

На седницата присуствуваа: Проф. д-р Ѓорги Иванов, Проф. д-р Марија Ташева, Проф. д-р Јованка Тутеска, Проф. д-р Фејзула Шабани, Проф. д-р Ицко Ѓорговски, Проф. д-р Микулај Кузиновски, Проф. д-р Виолета Арнаудова, Проф. д-р Јордан Стојаноски, Проф. д-р Бранислав Саркањац, академик Љупчо Коцарев, Перо Стојановски.

Оправдано отсуствуваа: м-р Александар Стојков, Проф. д-р Јове Кекеновски, ,Проф. д-р Славе Наумовски,

На Конститутивната седница присуствуваа: м-р Гуле Гулев, државен советник во Министерството за образование и наука и Лилјана Башевска, советник во Министерството за образование и наука.

ДНЕВЕН РЕД

1. Проект за основање на Филолошки факултет, Медицински факултет, Факултет за туризам и угостителство, Технолошко-техничкиот факултет, Машински факултет, Електротехнички факултет во состав на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип,
2. Проект за основање на ~~во состав на~~ Медицински факултет во состав на Државниот универзитет во Тетово,
3. Проект за основање на Правен факултет, Технолошко-технички факултет и Факултет за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.
4. Тековни прашања.

Присутните го прифатија предложениот дневен ред.

1. Во однос на првата точка, вовед даде проф. д-р Марија Ташева како член на Одборот кој учествувал во изготвувањето на мислењето, бидејќи овој предмет е наследен од претходниот состав и по него веќе е постапено. Ги запозна останатите членови со содржината, структурата и формата на Проектот за основање на Филолошки факултет, Медицински факултет, Факултет за туризам и угостителство, Технолошко-техничкиот факултет, Машински факултет, Електротехнички факултет во состав на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во исто време ги запозна присутните со содржината, предлозите и забелешките дадени во мислењето, но истовремено укажа тоа се забелешки кои не прават суштински проблеми и дека мислењето е позитивно.

Претседателот го стави на гласање мислењето Проект за основање на Филолошки факултет, Медицински факултет, Факултет за туризам и угостителство, Технолошко-техничкиот факултет, Машински факултет, Електротехнички факултет во состав на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Присутните едногласно го усвоија мислењето.

2. Во однос на втората точка, присутните го разгледаат Заклучокот од 60 седница на Одборот за акредитација одржана на 22.05.2007 година во однос на предлогот за акредитација на студиските програми за додипломски студии на Државниот универзитет во Тетово по општа медицина и стоматологија и доставениот пречистен текст на предлогот за акредитација на студиските програми за додипломски студии.

За оценка на исполнетоста на барањата во Заклучокот се формира експертска група во состав: проф. д-р Ѓорги Иванов, проф. д-р Марија Ташева и проф. д-р Ицко Ѓоргевски со задача да го разгледа доставениот материјал од Државниот универзитет во Тетово и доколку се утврди дека е постапено по забелешките да изготви мислење кое ќе биде доставено до Владата на Република Македонија.

3. Во однос на третата точка, Одборот го разгледа изготвеното мислење за Проектот за основање на Правен факултет, Технолошко-технички факултет и Факултет за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола. По кратката дискусија претседателот го стави на гласање мислењето.

Присутните едногласно го усвоија мислењето.

4. Претседателот го постави прашањето на динамиката на одржување на состаноците. По кратката дискусија, се постигна согласност, седниците да се одржуваат секој втор вторник во месецот со почеток во 12 часот. Доколку се појави потреба може и почесто.

Се донесе заклучок, стручните служби да доставaт комплетна Информација за сите досегашни предмети и активности на досегашниот одбор за акредитација за вторник, април 2008 година.

Се донесе заклучок, стручните служби да информираат за компјутерската опрема која е донирана на Одборот, се наоѓа на Машинскиот факултет, за интернет страната на Одборот, сметката, како и други активности.

Проф. д-р Микулај Кузиновски предложи сите членови на Одборот да потпишат изјави за доверливост во насока на заштита на интегритетот на сите членови кон надвор.

Проф. Саркањац, побара да се утврдат стандардите од досегашната работа за да може да се постапува на истоветен начин и да се обезбеди континуитет во работата.

Седницата заврши во 18.40 часот.

**Претседател на Одборот за акредитација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Ѓорги Иванов**